# За кои безбедносни служби зборува марионетата Стево Пендаровски

Единствена Македонија изразува изненаденост од денешниот хумор на Стево Пендаровски дека наводните непроверени шпекулации на ВМРО-ДПМНЕ за директорот на разузнувањето биле штетни за безбедносните служби. Секојдневните препукувања на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за се и сешто за замајување на јавноста ги оставаме настрана.

Но, за која штетност и за кои безбедносни служби зборува Стево Пендаровски кога Македонија нема такви служби во вистинска смисла на зборот. Македонија некаде до 1995 година имаше какви-такви свои самостојни служби, но, отогаш американската ЦИА го завладее разузнавачкиот простор и македонските служби се обични филијали на ЦИА.

Пендаровски самиот е непосреден сведок дека новиот директор на Агенцијата за разузнување го назначи по претходно позитивно мислење од ЦИА или како што се вели „партнерска служба од земја-членка на НАТО“. Зоран Заев го назначи директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање по претходно добивање на неговото име на ливче од американската амбасада во Скопје.

Најдобронамерно му укажуваме на марионетата Пендаровски да не се бламира на јавна сцена оти кога зборува за сопствени македонски безбедносни служби, луѓето почнуваат да се смеат. Постоењето на сопствени безбедносни служби во Македонија е фикција.

Новата легална власт на Единствена Македонија која доаѓа има готов концепт за етаблирање на вистински безбедносни служби кои ќе бидат во интерес на Република Македонија, а не во интерес на странците.

**Центар за комуникации на Единствена Македонија**
**Скопје, недела, 7 јули 2019**

Макпрес

Скопје 1

Тајм

Вести